**20130751617**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 131 став (3) и член 138 став (5) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 30.4.2013 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ДОБРОВОЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за инвестирање на средствата на доброволните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/2010) членот 2 се менува и гласи:

„Средствата на доброволните пензиски фондови се инвестираат согласно со одредбите од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Законот) и инвестиционата стратегија со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членовите и пензионираните членови на доброволните пензиски фондови и преку диверзификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби:

а) кои настанале поради неплаќање на издавачот или другата договорна страна;

б) кои произлегуваат од влијанието на домашните и странските финансиски пазари;

в) во реалната вредност на средствата на доброволните пензиски фондови поради инфлација и

г) кои се последица од продажба на средствата на доброволните пензиски фондови поради обезбедување на ликвидност на доброволните пензиски фондови.

Управувањето и контролата на инвестирањето на средствата на доброволните пензиски фондови од страна на член на управен одбор и надзорен одбор во друштво треба да биде во согласност со фидуцијарната должност и овие лица се должни да применуваат степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.“

Член 2

Во член 5 ставот (1) зборовите: „за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Законот)“ и запирката се бришат.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01 - 609/6
17 мај 2013 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.